**психолошко-педагошки преглед**

# СИСТЕМ НА ВРЕДНОСТИ КАЈ ГЛУВИТЕ ПОЛСКИ АДОЛЕСЦЕНТИ

*Јоана КОСЕВСКА*

*Педагошки универзитет*
*Оддел за психологија, Краков, Полска*

Примено:04.04.2011
Прифатено: 19.08.2011
UDK: 159.922.8-056.263(438)

## Резиме

Адолесценцијата е клучната фаза за развој на системите на вредности, кои се еден од најзначајните карактеристики на човечкиот идентитет. Проблемот за дискусија е перцепцијата на системите на вредности од страна на глувите лица кои претставуваат културно малцинство. Таква претпоставка може да се направи врз основа на анкетата за меѓунационални вредности спроведена од страна на S.H. Schwartz. За ова истражување беше избран методот на Schwartz за мерење на нивото на култура кај поединци.

Шеесет и шест глуви адолесцентни, ученици од средно целодневно училиште на возраст помеѓу 15 и 20 години (29 машки, 37 женски) и 93 ученици од средношколски интернат на возраст помеѓу 15 и 17 години (39 машки и 54 женски), беа тестирани со помош на Прашалникот на Schwartz за застапеност на вредностите.

Резултатите покажаа дека разликите во системот на вредности во групата беа поделени според полот. Адолесцентните момчиња кои слушаат сметаа дека благонаклонетоста, хедонизмот и поттикнувањето се поважни, за разлика од женските адолесценти. Во глувата подгрупа, девојчињата ги ценеа безбедноста, моќта и достигнувањето повеќе од момчињата.

Адреса за кореспонденција:
*Јоана КОСЕВСКА*
Педагошки универзитет, Оддел за психологија
Podchorążych St. 2, 30-084 Краков, Полска
Тел. (+48)012-662-62-29, факс(+48)012-637-22-43
Joanna.Kossewska@ap.krakow.pl

Начинот на комуникација во семејството

**psychological and pedagogical survey**

# THE VALUE SYSTEM IN DEAF POLISH ADOLESCENTS

*Joanna KOSSEWSKA*

*Pedagogical University*
*Department of Psychology, Krakow, Poland*

Recived: 04.04.2011
Accepted: 19.08.2011
Original article

## Abstract

Adolescence is the core stage for the development of the value system, one of the most important determinants of the human identity. The issue discussed in this paper is the perception of the value system by the people with impaired hearing who constitute a cultural minority. Such assumption can be made based on the cross-cultural value survey conducted by S.H. Schwartz. The Schwartz's approach was chosen in this research to measure the culture on individual level.

Sixty-six deaf adolescent students from secondary residential schools aged between15 and 20 years (29 male, 37 female) and 93 hearing students from boarding middle schools aged between 15 and 17 years (39 male and 54 female) were tested by using the Schwartz Portrait Values Questionnaire.

The results showed that the intergroup value system differences were modified by gender. Hearing adolescent males considered benevolence, hedonism and stimulation as more important than female adolescents did. In the deaf subgroup, the females valued security, power and achievement more than males.

Correspondence address:
*Joanna KOSSEWSKA*
Pedagogical University, Department of Psychology
Podchorążych St. 2, 30-084 Krakow, Poland
Tel (+48)012-662-62-29, fax (+48)012-637-22-43
Joanna.Kossewska@ap.krakow.pl

The mode of communication within the family

имаше само еден значаен ефект: користење-то на знаковен јазик подразбира значително повисоко ниво на согласност во споредба со луѓето кои комуницираат вербално.

***Клучни зборови:*** *оштетеност на слухот, систем на вредности, адолесценција.*

## *Вовед*

Адолесценцијата е главна фаза за развојот на системите на вредности, кои се една од најзначајните детерминанти на човечкиот идентитет. Без сомнение, вредностите се интегрален дел од културата; тие се различни и специфични за конкретно културно малцинство. Во овој случај, составот на културната специфичност на групата соодветствува на самоконцепцијата на луѓето со оштетн слух, имено идеата дека глувите/наглувите луѓе се дефинираат со културните карактеристики (на пр. јазикот) кои се различни од културата на мнозинството (луѓето кои слушаат) во општеството.

Според тоа, глувите/наглувите луѓе се сметаат себеси за говорно и културно малцинство (1). Културата е дел од средината создадена од човекот и влијае врз сите сфери од човековиот живот. Може да се подели на материјална (материјални резултати од човечката активност) и субјективна култура (карактеристични начини за перцепција на социјалната средина) каде јазикот е еден од значајните елементи (2).

Двата типа на култури и индивидуи се карактеризираат со системи на приоритетни вредности (3), кои се сметаат за клучни особини на образованието. Целта на образованието е да го оспособи секој ученик на ниво кое е реално за нив и на тој начин да го подготви за понатамошно образование и афирмација во општеството. Главните оспособувања ги сочинуваат група на вештини, способности, знаење, однесување и вредности неопходни за личен развој и афирмација на секој член од општеството. Нивната селекција и разбирање е резултат на вредностите генерално прифатени во општеството и од општиот консензус, со кои вештини индивидуата придонесува за неговото образование, задоволство и успешен живот, како

had only one significant effect: the use of signing language implies significantly higher level of conformity in comparison to the people who communicate verbally.

***Key words:*** *hearing impairment, value system, adolescence.*

## *Introduction*

Adolescence is the core stage for development of the value system, one of the most important determinants of human identity. Values are undoubtedly an integral part of the culture; they are diverse and specific to a particular cultural minority. In this case, the concept of the group's cultural specificity corresponds to the self-conception of the people with hearing impairment, the result is the idea that deaf/hard of hearing people are defined by cultural features (in e.g. language) that are distinct from the culture of the majority (hearing) in the society. Thus, deaf/hard of hearing people perceive themselves as a linguistic and cultural minority (1). Culture is the man-made part of the environment and influences in all aspects of the human life. It can be divided into material (the material outcomes of human activities) and subjective culture (characteristic ways of perceiving the social environment) where language is one of the most important elements (2).

The cultures and the individuals are characterized by priorities in the system of values (3), which should be considered as one of the key competences of education. The purpose and objective of education is to provide each and every student with a set of key competencies at a level that is attainable for him/her and in that way to prepare him/her for further education and affirmation within the society. The key competencies are represented by a set of skills, abilities, knowledge, attitudes and values, essential for personal development and affirmation of each member of the society. Their selection and understanding result from the values generally accepted within the society and the general consensus. These competencies


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

и за зацврстување на функциите на граѓанското општеството.

Според Schwartz, структурата на човечките вредности е всушност составена од десет основни вреднисти, од кои секоја од нив може да биде карактеризирана преку опишување на нејзината централна мотивациска вредност (4). Структурата на вредноста содржи вредности и соодветни мотивациски цели како што се следните: **(а) Самонасочување** независна мисла и дејство, избор, творење, истражување; **(б) Стимулација** возбуда, новитет и предизвици во животот; **(в) Хедонизам** задоволство и сензуално задоволување на себеси; **(г) Достигнување** личен успех преку демонстрирање на способност според социјални стандарди; **(д) Моќ** социјален статус и престиж, контрола или доминација над луѓе и ресурси; **(ѓ) Обезбедување** безбедност, хармонија и стабилност на општеството, врските и индивидуата; **(е) Согласност** ограничување на дејства, наклонетости и импулсивни реакции кои би вознемириле или повределе други личности и би нарушиле социјални норми и очекувања; **(ж) Традиција** почит, посветеност и прифаќање на обичаите и идеите кои ги налага традицијата или религијата врз поединецот; **(з) Благонаклонетост** заштитување и подобрување на благосостојбата на лицата со кои поединецот е во постојан контакт („кругот на пријатели“); **(ѕ) Универзализам** разбирање, ценење, толеранција и заштита на благосостојбата на сите.

Овие вредности формираат спектар кој е составен од делови кои содржат многу блиску поврзани вредности. Тие можат да бидат поврзани во поголеми подгрупи на вредности: а) *Отвореност кон промена:* стимулација, самонасочување и хедонизам, б) *Самоподобрување:* достигнување, моќ и хедонизам, в) *Зачувување:* безбедност, традиција и удобност, г) *Самонадминување:* универзализам и благонаклонетост.

Овие подгрупи можат да бидат подредени во круг кој е прикажан подолу (сл. 1) и четирите променливи можат да бидат поврзани со две области, фокусирање кон себе си или не кон себе си, и потрага по стабилност или промена.

also contribute to the individual’s education, contentment and successful life and the strengthening of the civil society’s functions. According to Schwartz, the structure of the human’s value system is in fact consisted of ten basic values, each of which can be characterized by describing its main motivational goal (4). The value structure contains values and appropriate motivational goals such as the following**: (a)Self-Direction** - Independent thought and action; choosing, creating, exploring; **(b)Stimulation** - Excitement, novelty, and challenges in life; **(c)Hedonism** - Pleasure and sensual gratification of oneself; **(d)Achievement** - Personal success through demonstrating competence according to social standards; **(e)Power** - Social status and prestige, control or dominance over people and resources; **(f)Security** - Safety, harmony and stability of society, relationships and oneself; **(g)Conformity** - Restraint of actions, inclinations and impulses likely to upset or harm others and violate social expectations or norms; **(h)Tradition** - Respect, commitment, and acceptance of customs and ideas that traditional culture or religion provides for oneself; **(i)Benevolence** - Preserving and enhancing the wellbeing of those whom one is in frequent personal contact with (the 'in-group'); **(j)Universalism** - Understanding, appreciation, tolerance and protection for the wellbeing of all.

These values form a spectrum consisted of ranges where each contains many closely related values. They can also be collated into larger super-groups of values: A) *Openness to change:* Stimulation, self-direction and partial hedonism, B) *Self-enhancement:* Achievement, power and partial hedonism, C) *Conservation:* Security, tradition and conformity, D) *Self-transcendence*: Universalism and benevolence.

These can be arranged in a circle as illustrated below (Fig. 1), where the four variables can be associated with two focus areas; focus on oneself or not on oneself and seeking stability or seeking change.




***Слика 1.*** *Системот на вредности на Schwartz - динамична врска, Schwartz (4)*

***Figure 1.*** *Schwartz's system of values – a dynamic relationship, Schwartz (4).*

Истражувањата за приоритетни вредности го проучуваат значењето на конкретни вредности како дел од системот на вредности на поединецот или групата.

Според Schwartz, десетте основни вредности имаат за цел да ги вклучат сите клучни вредности кои се прифатени кај различните култури низ светот. Истражувањата спроведени во различни земји (5, 6, 7, 8, 9) покажаа дека вредностите на благонаклонетоста, самонасочувањето и универзализмот се постојано најзначајни; вредностите на моќта, традицијата и стимулацијата се најмалку значајните; а сигурноста, согласноста, достигнувањето и хедонизмот се наоѓаат помеѓу нив. Споредба помеѓу неколку земји покажала дека земјите со слични културни и религиозни традиции покажуваат слична застапеност кај распределбата на вредностите. Но, и покрај тоа, хиерархијата на вредности не е универзална, бидејќи постојат значајни полови разлики. Schwartz и Rubel (10) открија дека мажите константно придаваат поголема важност на вредностите како што се моќта, стимулацијата, хедонизмот, достигнувањето и самонасочувањето отколку жените; спротивно на ова помало значење им се придава на благонаклонетоста и универзализмот, а најмалку константно значење има безбедноста. Земајќи ја предвид традицијата и согласноста, не беа пронајдени значајни разлики. Половите разлики во

Studies of value priorities are concerned with the importance of particular values as a part of the value system of a person or a group.

According to Schwartz, the ten basic values are intended to include all the core values recognized in cultures around the world. A research conducted in different countries (5, 6, 7, 8, 9) showed that the value of benevolence, self-direction and universalism are consistently most important; power, tradition and stimulation as values are the least important; security, conformity, achievement and hedonism are in-between. Inter-country comparison has indicated that countries with similar cultural and religious backgrounds show similar patterns of value distribution. However, the hierarchy of values is not universal since there are important gender differences. Schwartz and Rubel (10) revealed that men constantly attribute more importance to power, stimulation, hedonism, achievement and self-direction values than women do; the opposite is true for benevolence and universalism and least constantly, for security. No significant differences were found regarding tradition and conformity. Gender differences were small and typically explained less variance than age and much less than


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

мислењето беа мали и обично објаснуваа помала варијација отколку возраста и многу помалку отколку културата. Културата ги урамнотежува сите полови разлики, додека типот за примерок и инструментите за мерење имаат мало влијание.

Подолго истражување за однесувањето кај глувите/наглувите деца и адолесценти (11, 12,13) го изнесе на виделина прашањето „на кој начин вредностите се прифатени од страна на оваа група“. Постои претпоставка дека мислењето на оваа група ќе има општо значење и не само од гледна точка на образовните активности. Сепак, не постои доволно истражување во оваа насока кое би овозможило споредба на резултатите со адолесцентите кои слушаат, (14,15,16) и покрај културното, јазичното и едукативното значење на оваа тема (17). Во истражувањето на Bellin и Stephens (17) беше откриено дека прекумерната маргинализација не ги исклучува младите од широка и генерална наклонетост кон развојниот процес на системот на вредности во текот на нивната адолесценција. Тие покажаа слични полови разлики на оние најдени кај адолесцентите кои слушаат. Авторите предлагаат дека глувите адолесценти не можат да се сметаат заедно со адолесцентната популација, бидејќи нивниот идентитет како глуви луѓе е суптилен.

Земајќи го предвид фактот дека до овој ден само неколку истражувања се спроведени во оваа област и дека тие не се дури ни теоретски/методолошки истражувања поврзани со областа на едукативната практика, ова истражување беше сметано за еден национален дел од проект спроведен низ целата земја (18).

## *Методологија*

### *Испитаници*

Шеесет и шест адолесцентни студенти од целодневно средно училиште на возраст помеѓу 15 и 20 години (29 машки, 37 женски) и 93 ученици кои слушаат од средношколски интернат на возраст помеѓу 15 и 17 години (39 машки и 54 женски) беа испитани со цел да се оцени нивниот систем на вредности. Сите училишта беа лоцирани во провинцијата Малополска на југот од Полска.

culture. Culture moderates all gender differences, while the sample type and the measuring instrument have minor influence.

A long-term study on the behavior of deaf/hard of hearing children and adolescents (11, 12, 13) has brought up the question of the way that values are perceived by this particular group. It was assumed that this group would have a general relevance and not only from educational point of view. However, despite the cultural, linguistic and educational importance of the subject (17), there isn’t sufficient number of research carried in this area, which would allow comparison of the results of the deaf/hard of hearing children and adolescents with the results of the hearing adolescents (14, 15, 16). The study carried out by Bellin and Stephens (17) found that extensive marginalization did not exclude deaf youngsters from widespread and general predispositions of the value system developmental process, during their puberty. They showed similar gender differences to those found among hearing adolescents. The authors suggested that deaf adolescents could not be regarded as general adolescent population and have their identity as deaf people being diffused.

Bearing in mind that only a few studies have been conducted in this field to this date and that they are not even theoretical/methodological studies relating to this area of educational practice, the study was pursued as a national component of a cross-country project (18).

## *Methodology*

### *Subjects*

Sixty-six deaf adolescent students from secondary residential schools aged between15 and 20 years (29 male, 37 female) and 93 hearing students from boarding middle schools aged between 15 and 17 years (39 male and 54 female) were assessed to identify their system of values. All schools were located in Małopolska province, in the south of Poland.

Тринаесет глуви адолесценти потекнуваа од семејства каде најмалку еден родител беше глув и го користеше знаковниот јазик, а 53 потекнуваа од семејства кои слушаат. Нивото на слуховно растројство беше големо (>90 dB) кај 19 ученици кои не користеа слушни помагала, а тешко (71-90 dB) кај ученици кои користеа слушни помагала.

Thirteen deaf adolescents came from families where at least one parent was deaf and signing and 53 came from hearing families. The level of hearing impairment was profound (>90dB) within 19 pupils who did not use hearing aids and severe (71- 90 dB) within 47 pupils who used hearing aids.

**Табела 1:** *Примери од точките во прашалникот на Schwartz за портретирање на вредностите*

**Table 1:** *Example of items from the Schwartz Portrait Values Questionnaire*

| **Вредности / Values** | **Пример на ситуации / Item example** |
|---|---|
| Универзализам / Universalism | Тој смета дека е важно секоја личност во светот да биде третирана подеднакво. Тој смета дека секој треба да има еднакви животни шанси. / He thinks it is important that every person in the world should be treated equally. He believes everyone should have equal opportunities in life. |
| Благонаклонетост/ Benevolence | Многу е важно за него да им помага на луѓето околу него. Тој сака да се грижи за нивната благосостојба./ It's very important to him to help the people around him. He wants to care for their well being. |
| Согласност / Conformity | Тој верува дека луѓето треба да го прават она што им е кажано. Тој смета дека луѓето треба да следат правила во секое време, дури и кога никој не ги гледа. / He believes that people should do what they're told. He thinks people should follow rules at all times, even when no one is watching. |
| Традиција/ Tradition | Традицијата е важна за него. Тој се обидува да ги следи обичаите кои се пренесени од неговата религија или семејството./ Tradition is important to him. He tries to follow the customs handed down by his religion or his family. |
| Безбедност/ Security | Нему му е важно да живее во безбедна околина. Тој избегнува било што, што може да ја загрози неговата сигурност / It is important to him to live in secure surroundings. He avoids anything that might endanger his safety. |
| Моќ/ Power | Нему му е важно да биде богат. Тој сака да има многу пари и скапи предмети./ It is important to him to be rich. He wants to have a lot of money and expensive things. |
| Достигнување/ Achievement | Нему му е важно да ги покажува неговите способности. Тој сака луѓето да се восхитуваат на тоа што го прави./ It's important to him to show his abilities. He wants people to admire what he does. |
| Хедонизам/ Hedonism | Забавата му е битна нему. Тој сака да се разгалува себе си./ Having a good time is important to him. He likes to 'spoil' himself |
| Стимулација/ Stimulation | Тој сака изненадувања и секогаш бара да прави нови работи. Тој смета дека е важно да се прават многу различни работи во животот./ He likes surprises and is always looking for new things to do. He thinks it is important to do lots of different things in life. |
| Самонасочување/ Self- direction | Тој смислува нови идеи и да се биде креативен е важно за него. Тој сака да прави работи на свој начин./ Thinking up new ideas and being creative is important to him. He likes to do things in his own original way. |

## *Инструменти*

На секој ученик му беше дадена полската верзија од прашалникот на Schwartz за портретирање на вредностите, чија валидност мерена во Cronbach alpha коефициентот беше помеѓу 0.36 и 0.7 на скалата за основна вредност (19) користена во европското социјално анкетирање во 2002 (4). Учениците го пополнија прашалникот во целосна слобода и анонимност. Прашалникот содржеше 21 точка кои ги претставуваа десетте типови на вредности: универзализам, благонаклоне-

## *Instrument*

Each student was given the Polish version of the Schwartz Portrait Values Questionnaire, which reliability measured in the Cronbach alpha coefficient was between 0.36 and 0.7 in the basic value scale (19) used in the European Social Survey from 2002 (4). The students filled the questionnaire freely and anonymously. The questionnaire included 21 items, all representing 10 types of values: universalism, benevolence, conformity, tradition, security,


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

тост, согласност, традиција, безбедност, моќ, достигнување, хедонизам, стимулација и самонасочување (Табела 1). Испитаниците користеа бодување со скала од шест нивоа со цел да го оценат значењето на секоја вредност, при што се поистоветуваа со лице со пречка во слушањето и му даваа максимум поени (лицето е како мене=1) или минимум поени (лицето не е како мене=6). Структурата од 10 вредности покажа стабилност низ културата мерена во десетици земји и беше откриено дека се поврзува значајно со постоечки однесувања, како што се просоцијалните, антисоцијалните, еколошките, политичките, конзумерските и интелектуалните однесувања. Низок резултат на дадена скала покажува висок индекс на релевантна вредност.

## *Постапка*

Истражувањето беше спроведено во училишни услови. Повеќето глуви/наглуви ученици во Полска посетуваат целодневно училиште за глуви деца, поради што беше важно нивниот резултат да се спореди со слична група на адолесценти кои слушаат, од средношколски интернати, бидејќи овој фактор би влијаел врз нивото на пренесување на системот на вредности низ генерациите во самото семејство.

Двете групи, како глувите така и адолесцентите кои слушаат, кои учествува во собирањето на податоци не беа клинички примероци и немаа дополнително развојно нарушување. На неколку наврати беа собирани податоци во школските установи. Во секоја сесија учествуваа од шест до осум глуви/наглуви ученици од едно одделение. При секоја сесија, истражувачот и квалификуваниот интерпретатор им презентираа на згрижените лица формулар за согласност, како и преглед план на целта на истражувањето. Учесниците ја погледнаа дигиталната снимка на DVD (на полски јазик) од прашалникот на Schwartz за портретирање на вредности, преведен на рачно кодиран полски (SJM) и потоа ги забележуваа нивните одговори на писмениот формулар (на полски). Онаму каде што беше потребно, интерпретаторот помогна згрижените лица да ги разберат инструкциите преку повторување на

power, achievement, hedonism, stimulation and self-direction (Table 1). The subjects used a 6-item scale to assess the meaning of each value by identifying themselves with an imagined person who represented the maximum expression (the person is like me = 1) or the minimum expression (the person is not like me = 6) of the value. The structures of the 10 values has shown a cross-cultural stability across dozens of countries and it was found to relate meaningfully to existing behaviors, such as pro-social, anti-social, environmental, political, consumer and intellectual activities. A low result on a particular scale indicates a high index for the relevant value.

## *Procedure*

The research was conducted in a residential school setting. Most deaf/hard of hearing students in Poland attend residential schools for the deaf. Therefore, it was important to compare their results with those of a similar group of hearing adolescents attending boarding schools, considering that this factor will affect the level of value system transmission between generations within the family.

Both, the deaf and the hearing adolescents that participated in the data collection were non-clinical samples with no additional developmental disorders. The process of data gathering was held at school venues. Each session was hosting between six and eight deaf/hard of hearing students coming from the same grade. The researcher and qualified interpreter at each session presented the attendees with a questionnaire consent form and an outline for the purpose of the research. The participants viewed the DVD version (in Polish) of the Schwartz Portrait Values Questionnaire, translated into manually coded Polish (SJM) after which they recorded their responses on the paper form (in Polish). Where necessary, the interpreter helped the attendees to understand the instructions by repeating the recoded

снимената верзија.

Адолесцентите, кои слушаат, учествуваа во истражувањето во сесија одржана во нивните училишта во групи од 20 и 28 ученици. Истражувачот придружен од учител, ја презентира целта на истражувањето и прашалникот. Учениците го потполија формуларот (на полски).

## *Резултати*

Анализата на системот на вредности кај глувите/наглувите адолесценти откри интересна корелација. Благонаклонетоста, традицијата, хедонизмот и самонасочувањето беа слични кај двете експериментални групи. Сепак, оштетувањето на слухот се чини дека прави разлика во значајноста на некои вредности.

Глувите адолесценти го сметаа *универзализмот* (t=-3,41; p<0,001), *согласноста* (t=-2,73; p<0,007), *безбедноста* (t=-2,28; p<0,02) и *стимулацијата* (t=-3,22; p<0,002) значајна за разлика од нивните соученици кои слушаат. Сепак, *моќта* (t=-2,07; p<0,04) и *достигнувањето* (t=-4,30; p<0,0001) беа помалку важни за глувите отколку за адолесцентите кои слушаат.

Овие разлики откриени кај глувите подгрупи и подгрупите кои слушаат понатаму се диференцирани во контекст на полот. Три значајни разлики поврзани со полот во склоп на глувата подгрупа се откриени, кои се различни од разликите најдени во подгрупата на адолесценти кои слушаат. Машките адолесценти, кои слушаат, ги сметаа *благонаклонетоста* (t=3,61, p<0,001), *хедонизмот* (t=2,9; p<0,001), и *стимулацијата* (t=2,10; p<0,05) поважни отколку женските адолесценти. Во глувата подгрупа, девојките ги ценат *безбедноста* (t=2,01; p<0,05), *моќта* (t=2,99; p<0,005) и *достигнувањето* (t=2,01; p<0,05) повеќе отколку машките.

Исто така беше откриен интересен начин на кој полот и оштетувањето на слухот влијае врз системот на вредности. Значајните резултати се презентирани во сликите подолу.

version of the questionnaire.

Hearing adolescents participated in the study session held at their school in a group of 20 to 28 students. The researcher accompanied by a teacher from the school presented the purpose of the study and the questionnaire. Then the students filled in the paper form (in Polish).

## *Results*

The analysis of the value system of deaf/hard of hearing adolescents has revealed interesting correlations. Benevolence, tradition, hedonism and self-direction were similar in both experimental groups. However, hearing impairment does seem to differentiate the importance of some values.

Deaf adolescents considered *universalism* (t=-3,41; p<0,001), *conformity* (t=-2,73; p<0,007), *security* (t=-2,28; p<0,02) and *stimulation* (t=-3,22; p<0,002) to be more important than their hearing peers. However, *power* (t=-2,07; p<0,04) and *achievement* (t=-4,30; p<0,0001) were less important for the deaf than for the hearing adolescents.

These differences found within the deaf and hearing subgroups are further differentiated in the context of gender belonging. Three significant differences within the deaf subgroup regarding gender were found to be distinct from the hearing subgroup. Among the hearing adolescents, males consider *benevolence* (t=3,61, p<0,001), *hedonism* (t=2,9; p<0,001) and *stimulation* (t=2,10; p<0,05) more important than females. In the deaf subgroup, females value higher *security* (t=2,01; p<0,05), *power* (t=2,99; p<0,005) and *achievement* (t=2,01; p<0,05) more than males do.

An interesting way in which gender and hearing impairment influence the value system was also revealed. The relevant results are presented in the graphs below.


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8




*Слика 1:* *Благонаклонетоста според влијанието на полот и статусот на слушање /*
***Figure 1:*** *Benevolence in relation to gender and hearing status interaction (F=10,4917; p<0,001)*




***Слика 2:*** *Моќта според влијанието на полот и статусот на слушање /*
***Figure 2:*** *Power in relation to gender and hearing status interaction (F=5, 298, p<0,02).*

Во подгрупата која слуша, вредноста на благонаклонетоста е значително поважна (F=10,4917; p<0,001) за машките отколку за женските (Слика 1). Во глувата подгрупа шемата се движи во спротивен правец, иако разликата не е значајна. Сепак, глувите женски адолесценти ја ценат благонаклонетоста многу повеќе отколку женските адолесценти кои слушаат.
Глувите машки адолесценти ја сметаат моќта значително помалку важна од други подгрупи (F=5,298; p<0,02). Глувите женски адолесценти ја ценат моќта на исто ниво со луѓето кои слушаат од двата пола (Слика 2).

The value of **benevolence** is significantly more important (F=10,4917; p<0,001) in the hearing subgroup for males than females (Figure 1). The pattern among the deaf subgroup goes in the opposite direction, although the difference is not significant. However, deaf female adolescents value benevolence much more than hearing females do.
Deaf males consider **power** to be significantly less important than other subgroups (F=5,298; p<0,02) do. Deaf females value power at the same level as hearing people of both genders (Figure 2).




***Слика 3:*** *Достигнување според влијанието на полот и статусот на слушање /*
***Figure 3:*** *Achievement in relation to gender and hearing status interaction (F=6,858; p<0,01)*




***Слика 4:*** *Хедонизам според влијанието на полот и статусот на слушање /*
***Figure 4:*** *Hedonism in relation to gender and hearing status interaction (F=4,3366; p<0,04)*


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

Важна разлика, која не беше пронајдена кај жените, беше набљудувана помеѓу глувите машки и оние кои слушаат поврзана со вреднувањето на **достигнувањето** (F=6,858; p<0,01). Глувите машки го сметаа достигнувањето помалку важно отколку машките кои слушаат и исто така помалку важно отколку женските и кои слушаат и кои не слушаат (Слика 3). Глувите женски адолесценти ги сметаат достигнувањата помалку значајни од подгрупата која слуша без разлика на полот, но и двете подгрупи на женски адолесценти (глуви и кои слушаат) покажаа средни резултати, кои се значително пониски отколку машките кои слушаат и значително повисоки отколку глувите машки.

Полова разлика беше исто така набљудувана според вреднувањето на **хедонизмот** (F=4,3366; p<0,04). Машките кои слушаат го ценат хедонизмот повеќе отколку женските кои слушаат. Во глувата подгрупа не постои разлика помеѓу половите подгрупи (Слика 4).

Друга област, што беше проучувана го истражуваше влијанието на променливите кои беа поврзани со влијанието на семејството врз системот на вредности кај глувите адолесценти, поконкретно присуството или отсуството на глуви/наглуви родители и начинот на комуникација користен во семејството. Врската помеѓу овие фактори и преферирањето одредени вредности општо е незначителна, единствен исклучок е **начинот на комуникација** во склоп на семејството, кој има значително влијание (p<0.013) врз согласноста (Слика 5).

An important difference which was not found in females, was observed between hearing and deaf males regarding the perception of **achievement** (F=6,858; p<0,01). Deaf males consider achievement less important than hearing males and also less important than both hearing and deaf females (Figure 3). Deaf females find achievement less important than hearing subgroups regardless of gender, but both subgroups of females (deaf and hearing) showed average results, which are significantly lower than hearing males and significantly higher than deaf males.

A gender difference was also observed in relation to **hedonism** (F=4,3366; p<0,04). Hearing male adolescents valued hedonism more than hearing females. There is no difference between the genders in the deaf subgroup (Figure 4).

Another area studied was the influence of the variable such as functioning of the family over the value system in deaf adolescents. More in particular, the presence or absence of deaf/hard of hearing parents and the mode of communication used within the family. The relationship between these factors and the preference of particular values over others was generally insignificant, with the **mode of communication** within family being the only exception, which also has a significant (p<0.013) influence on the conformity (Figure 5).




***Слика 5:** Средствата за комуникација врз согласноста кај глувите адолесценти. (F=4,657; p<0,013)*

***Figure 5:** Means of communication effect on the conformity in deaf adolescents (F=4,657; p<0,013)*


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

Користењето на знаковен јазик во составот на семејството подразбира значително ниво на *согласност* во споредба со луѓето кои комуницираат вербално (F=4,657; p<0,01). Разликата помеѓу луѓето кои ги користат и двете средства и оние кои комуницираат само вербално ја прикажува тенденцијата.

The use of signing language within the family implies significantly higher level of *conformity* in comparison with people who communicate verbally (F=4,657; p<0,01). The difference between people using both means and those who communicate only verbally illustrates the tendency.

## *Дискусија*

Проучувајќи ги вредностите и приоритетите на вредностите на глувата подгрупа беа откриени две значителни влијанија кои се појавуваат на индивидуално и социјално ниво. Доминантните вредносни приоритети се клучни фактори во социјалното формирање кај малцинската група, додека индивидуалните вредносни приоритети претставуваат централни цели за индивидуата и се поврзани директно со однесувањето на адолесцентот.

Вредностите дозволуваат поединецот да избере континуиран процес на културна и индивидуална промена, која за возврат зависи од историските и социјалните промени. Тие се директно под влијание на дневните искуства на поединецот во константно променливата социополитичка средина и може да се користат при дефинирање на разликите помеѓу различни културни групи и подгрупи во дадено општество. Вредностите се споредбено апстрактни и општи во споредба со ставовите и шемите на однесување, кои се врзани со конкретни ситуации и заради тоа се несоодветни при формирањето на норми низ различните култури.

Разликите во прифаќањето на вредностите кои се најдени помеѓу глувите и адолесцентите, кои слушаат, се значителни и треба да бидат сфатени во контекстот на културата или образовното искуство. Глувите адолесценти ги сметаат вредностите како што се универзализмот, согласноста, безбедноста и стимулацијата повеќе важни отколку нивните врсници кои слушаат, додека адолесцентите кои слушаат им даваат приоритет на моќта и достигнувањето.

Вредностите може да бидат организирани според целта за која тие се наменети. Егоцентричните вредности се темел на индивидуалистичката ориентација. Таквите вредности се поврзани со социјалниот статус, престижот, личниот успех, слободата на из-

## *Discussion*

Studying the values and the value priorities of the deaf subgroup has revealed two influences which operate at an individual and at a social level. The predominant value priorities in the minority group are key factors for its social affirmation, while the individual value priorities represent the central goal of the individual and are connected to the adolescent's behavior.

The values allow one to negotiate the continuous process of cultural and individual change, which in turn depends on the historical and social changes. They are directly influenced by the individual's daily experience in a constantly changing socio-political environment and can be used to define the differences between various cultural and sub-cultural groups in a given society. Values are comparatively abstract and general in comparison to the attitudes and the behavioral patterns, which are tied to a specific situation and are therefore unsuitable to formulate norms across cultures.

The differences in the perception of values found between the deaf and the hearing adolescents are significant and should be understood in the context of the culture or the schooling experience. Deaf adolescents considered values such as universalism, conformity, security and stimulation to be more important than their hearing peers, while hearing adolescents prioritized power and achievement.

The values can be organized according to the ends they serve. The self-centered values are the foundation of individualistic orientation. Such values are related to social status, prestige, personal success, freedom of choice,

бор, независното мислење и дејствување, а исто така и интелектуалната компетентност, хедонизмот и потребата за стимулација. Вредностите кои се во служба на интересите на други луѓе се темел на колективистичка наклонетост. Таквите вредности се поврзани со заштитување на други луѓе, (особено оние со кои личноста е во директен контакт), безбедност на групите со конкретен идентитет, почитување на традицијата, религијата и религиозноста, избалансирани општествени погледи, како и лична хармонија и хармонија со други личности (3, 20).

Најдоминантна шема на вредности кај адолесцентите кои слушаат е индивидуализмот, кој е преставен со лична моќ и достигнување. Најголем број на лица кои слушаат биле израснати да се сметаат себе си како посебни индивидуи кои се самостојно одговорни за сопствените животи. Во „индивидуалистичката" култура, луѓето се најблиску поврзани хоризонтално со сопружниците и пријателите отколку со родителите и децата, и тие припаѓаат на неколку други кругови на пријатели (на пр. фамилија, колеги, клубови) и голем дел од однесувањето на членовите е поврзано со целите кои се сообразни со тие на „кругот" или кон кои тие се стремат (21).

Во спротивно, една од најдоминантните шеми на вредности кај културата на глувите луѓе е колективизмот. Глувите луѓе се сметаат себе си за членови на група која ги вклучува сите глуви луѓе. Глувата заедница е уникатна поради тоа што има јазик и културни норми кои преминуваат географски граници. Тие се сметаат себе си за тесно сплотена и поврзана група. Глувите луѓе во голема мера уживаат во друштвото на други глуви луѓе и активно бараат начин да се најдат во таква средина. Кога глувите луѓе за првпат се среќаваат, првичната цел е да откријаат од каде доаѓа другата личност и да ги препознаат заедничките пријатели. Овој колективизам во склоп на глувата заедница е исто така наложен на глувата заедница од страна на конзервативните вредности како што се безбедноста и согласноста. Причината поради која глувата култура е колективистичка може да биде до некаде поврзана со недостигот на комуникација со „надворешни" групи кои зборуваат. Глувите инди-

independent thinking and acting, as well as intellectual competence, hedonism and the need for stimulation. Values which serve the interests of other people are the foundation of collectivist orientation. Such values are related to the protection of other people, (especially those with whom an individual interacts directly), the safety of the group's identity, respect for tradition, religion and religiosity, balanced social views, as well as intrapersonal and interpersonal harmony (3, 20).

The most dominant value pattern among hearing adolescents is the individualism, represented by personal power and achievement. Most hearing people have been raised to consider themselves as separate individuals who are solely responsible for their own lives. In the 'individualist' cultures people are most closely connected horizontally with their spouses and friends rather than their parents and children and they belong to many other in-groups (e.g. family, co-workers, clubs, etc). The member's behavior mostly reflects their goals, which are consistent with those of the other 'in-group' members or to which they aspire (21).

On the contrary, one of the most dominant value patterns in the culture of deaf people is collectivism. Deaf people consider themselves as members of a group that includes all deaf people. The deaf community is unique, since it has a language and cultural norms that cross geographic borders. They perceive themselves as a close-knitted, interconnected group. Deaf people greatly enjoy being in the company of other deaf people and actively seek ways to make this happen. When deaf people initially meet, the goal is to find out where the other person is coming from and to identify the deaf friends they both have in common. This collectivism within the deaf community is also repressed by the conservative values such as security and conformity. The reason why deaf culture is collectivist may be somehow related to the lack of communication with the speaking out-group. Deaf individuals are limited to a


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

видуи се ограничени на помал број на кругови на групи поради дискриминација и пречките во комуникација (1). Подолго време дискриминацијата на глувите/наглувите беше основно однесување кај мнозинството кое слуша кон глувото малцинство, кое беше следено со ексклузија и маргинализација на глувите луѓе. Во овој контекст, универзализмот на глувите адолесценти се бори за еднаквост и социјална правда во застапувањето на јазичното малцинство. За **колективистичката култура**, „кругот на пријатели“ е релативно тесносплотен и често ограничен на семејството, каде најдиректната врска е вертикална и се најдува помеѓу детето и родителот. Индивидуите може да бидат приморани да ги подредат нивните лични цели според целите на некој колектив, кој обично е претставен со стабилен „круг на пријатели“ (на пр. фамилија, група, племе). „Во колективистичките култури постојат сложени шеми на социјално однесување, кои бараат разликување помеѓу однесувањето на „кругот на пријатели“ (согласност) и однесувањето на „надворешната“ група (прави с¡ со што можеш да се извлечеш)“ (8).

Понатаму, разликите помеѓу раната социјализација на глувите и децата кои слушаат може да придонесе и за двете групи кои имаат различни амбиции. Глувите родители може да имаат повисоки очекувања за нивните деца земајќи го предвид нивниот потенцијал и успех во рехабилитацијата (21). Во Полска помеѓу 2002 и 2006 година нивото на вработеност на лицата со оштетен слух се спушти за 40 проценти поради расформирањето на агенициите за вработување кои имаа вработено многу средновечни луѓе (22). Како резултат на тоа, сега постои голем број на глуви луѓе кои живеат од ниски инвалидски пензии. Веројатно е дека таквата социоекономска ситуација повлекува желба кај децата да постигнат повисок личен успех преку демонстрирање на способност според социјални стандарди. Се чини дека очекуваната врска помеѓу променливите во средината (глувите/наглувите родители, начинот на комуникација во состав на семејството) и системот на вредности на глувите адолесценти е незначаен, единствен исклучок е врската помеѓу согласноста и начинот на комуникација.

smaller number of in-groups because of audism and communication barriers (1). For a long time the audism was the fundamental attitude represented by the hearing majority towards the deaf community, followed by the exclusion and marginalization of deaf people. In this context, the universalism of deaf adolescents argues for equality and social justice for the representatives of the linguistic minority. The in-group in the **'collectivist' cultures** is usually fairly close-knit and often limited to the family, with the most direct relationship being a vertical one, between the parent and the child. Individuals may be induced to subordinate their personal goals to the goals of some collective, which is usually a stable in-group (e.g., family, band, tribe, etc). “In collectivist cultures, 'there are complex patterns of social behavior that require the distinction between the in-group behavior (conformity) and the out-group behavior (do whatever you can get away with)” (8).

Furthermore, differences between the early socialization of deaf and hearing children might contribute to the two groups having some distinctive achievement ambitions. Deaf parents might have higher expectations from their children with regard to their potential for educational and rehabilitation success (21). Between 2002 and 2006, the level of employment among the hearing impaired individuals in Poland dropped by 40%, due to the dissolution of supported employment enterprises that employed many middle-aged people (22). As a result, there is a large group of unemployed deaf people living on low disability pensions. It is likely that such a socio-economic situation triggers the desire for children to achieve higher personal success through demonstrating competence according to social standards. It emerges that the assumed relationship between the environmental variables (deaf/hard of hearing parents, mode of communication within the family) and the value system of deaf adolescents is insignificant. Only exception is the relationship between

Адолесцентите кои доаѓаат од фамилии кои го користат знаковниот јазик многу високо ја ценат согласноста, што покажува дека фамилиите кои користат заеднички начин на комуникација се покохезивни и стабилни. Фамилијата, која секако е во централниот контекст на социјализацијата, е исто така сметана за важен фактор за развојот на вредностите кај децата. Сепак, многу е тешко емпириски да се покаже влијанието на родителските вредности врз нивните млади, особено ако не постои заеднички начин на комуникација.

Интересно е да се забележи дека глувите машки ја ценат моќта и достигнувањето помалку од женските. Овој резултат е изненадувачки од психолошка гледна точка и треба да се потврди преку пошироки меѓународни истражувања, со цел да се утврди вистинската улога на оштетувањето на слухот. Без разлика на доминантната ориентираност на глувите лица кон колективизмот, загрижувачки е дека машките ја вреднуваат моќта и достигнувањето помалку од женските. Оваа појава се чини неадаптивна, особено во смисла на задачите за развој на адолесцентите со кои тие би се сретнале во иднина, како што се достигнувањето на емотивна независност од своите родители и другите возрасни, достигнување на сигурност и економска независност и избирање и припремање за вработување (23).

Со оглед на тоа дека училиштето може да одигра важна улога во давање на приоритет на моќта и достигнувањето како вредности од страна на глувите адолесценти, образовниот план треба да биде соодветно ревидиран. Глувите адолесценти го вреднуваат универзализмот повеќе, а глувите женски адолесценти ја вреднуваат благонаклонетоста повеќе од глувите машки и женските кои слушаат. И двете вредности претставуваат самонадминување. Ова значи дека глувите адолесценти се повеќе загрижени со самонадминувањето отколку со самоусовршувањето. Вредностите како што се разбирањето, ценењето, толеранцијата и грижата за благосостојба на другите се поважни од личното достигнувања и моќта. Ова е точно за глувите машки адолесценти, иако како што сме забележале, подобрувањето на благосостојбата на оние со кои поединецот е

conformity and the mode of communication.

Adolescents coming from families using sign language value conformity more highly, which could indicate that the families using a common mode of communication are more cohesive and stable. Families, which are certainly the central context for the value of socialization, are also considered an important factor for the development of the children's values. However, it has been difficult to empirically demonstrate the influence of parental values on those of their offsprings, especially if there is no common mode of communication.

It is interesting to note that deaf males valued power and achievement less than females. This result is surprising from a psychological viewpoint and requires verification through broader international studies, in order to establish the actual role of hearing impairment. Regardless the predominantly collectivist orientation of deaf individuals, it is worrying that males value power and achievement much less than females. This tendency seems to be an un-adaptive, especially in the context of the adult developmental tasks that the participants will encounter in the future. Such is achieving emotional independence from the parents and other adults, achieving assurance of economic independence, as well as choosing and preparing for employment (23).

Given that school might well play an important role in prioritizing the values of power and achievement by deaf adolescents, the educational curriculum should be revised accordingly. Deaf adolescents value universalism highly, but deaf females value benevolence more than deaf males and hearing females. Both values represent self-transcendence. This means that deaf adolescents are more concerned with self-transcendence than with self-enhancement. Values such as understanding, appreciation, tolerance and concern for the welfare of others are more important than personal achievement and power. This is true even for the deaf male subgroup, although as we have seen, enhancing the welfare of those whom one is frequently in


DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

често во контакт („кругот на пријатели“) е поважен за глувите женски адолесценти.

## Заклучок

Анализата на податоците добиени од претходно опишаните истражувања открил информација поврзана со променливите кои влијаат на ориентацијата на вредностите на полските глуви/наглуви адолесценти споредено со нивните врсници кои слушаат. Променливите како што се полот и начинот на комуникација во составот на семејството беа контролирани.

Особено силна страна на ова истражување е откритието на некои значајни разлики помеѓу глувите и адолесцентите кои слушаат во однос на перцепцијата на вредностите. Глувите адолесценти ги сметаа вредностите како што се универзализмот, согласноста, безбедноста и стимулацијата поважни отколку нивните врсници кои слушаат. Адолесцентите кои слушаат приоритет им даваа на моќта и достигнувањето.

Начинот на комуникација користен во состав на семејството беше поврзан со согласноста, која може да се поврзи со ограничувањето на дејства, склоности и импулсивност кои би ги вознемириле или повределе другите и би прекршиле социјални очекувања и норми. Адолесцентите кои потекнуваат од фамилии кои користат знаковен јазик ја ценат согласноста повисоко, што може да значи дека фамилиите кои користат заеднички начин на комуникација се покохезивни и стабилни.

Слаба страна на истражувањето беше ограничувањето на група на глуви/наглуви деца од целодневни училишта. Постојат некои значајни резултати кои се чинат дека налагаат дека учениците може да се под влијание на нивната училиштна средина, така што резултатите не може да се генерализираат за целата глува/наглува популација.

Истражувањето открил значително влијание на одредени фактори врз системот на вредности кај глувите/наглувите ученици. Во исто време, покрена прашање кое има потреба од понатамошно истражување. Препораките за понатамошно истражување вклучуваат репликација на ова истражување и испитување на поголем примерок на глуви/наглуви адолесценти кои живеат во различни социјални средини, а не само во училиштна средина.

contact with (the 'in-group') is more important for deaf females.

## Conclusion

Analysis of the data obtained from the survey revealed information about the variables that affect the orientation of values of Polish deaf/hard of hearing adolescents in comparison with their hearing peers. The variables such as gender and mode of communication within the family were controlled.

A particular strength of the study was the discovery of some significant differences between deaf and hearing adolescents in the perception of value. Deaf adolescents considered values such as universalism, conformity, security and stimulation more important than their hearing peers did. Hearing adolescents prioritized power and achievement.

The mode of communication used within the family was linked to conformity, which is traceable to the restrained actions, inclinations and impulses that are likely to upset or harm others and violate social expectations or norms. Adolescents coming from families using signing language value conformity more highly, which could mean that families who use a common mode of communication are more cohesive and stable.

Weakness of the study was the restriction to deaf/hard of hearing group to students from residential schools. There were some significant results which seemed to suggest that the students may be influenced by their school environment, so the results might not apply to the whole deaf/hard of hearing population.

This research revealed a significant impact of certain factors on the value system of the deaf/hard of hearing students. At the same time it raised questions that require further research. Recommendations for further research include replication of this study and examination of a larger sample of deaf/hard of hearing adolescents that live in different social environments, not just in school settings.

## *Референци / References*


1. Lane H. Ethnicity, Ethics, and the Deaf-World. Journal of Deaf Studies and Deaf Education 2005; 10; 3: 291-310.
2. Triandis HC, Bontempo R, Villareal MI, Asai M, Lucca N. Individualism and collectivism: Cross-cultural perspectives on self-ingroup relationships. Journal of Personality and Social Psychology 1988; 54: 323-338.
3. Schwartz SH. Value priorities and behavior: Applying of theory of integrated value systems. In: Seligman C, Olson JM, Zanna MP. Editors. The Psychology of Values: The Ontario Symposium, New York: Erlbaum, 1996; 1-24.
4. Schwartz SH. A proposal for measuring value orientations across nations, Questionnaire Development Package of the European Social Survey. [Online]. 2003 [cited 2011 March 23] ; [60 screens]. Available from: URL: http://www.europeansocialsurvey.org/index.php?option=com_docman&task=doc_view&gid=126&Itemid=80
5. Schwartz SH, Sagiv L. Identifying Culture-Specifics in the Content and structure of Values. Journal of Cross-Cultural Psychology 1995; 26: 92-116.
6. Schwartz SH, Sagie G. Value consensus and importance: A cross-national study. Journal of Cross-Cultural Psychology 2000; 31: 465–497.
7. Schwartz SH, Bardi A.Value hierarchies across cultures: Taking a similarities perspective. Journal of Cross-Cultural Psychology, 2001; 32: 268–290.
8. Spini D. Measurement equvlence of 10 value types from the Schwartz Value Survey across 21 countries. Journal of Cross-Cultural Psychology 2003; 34 (1): 3-23.
9. Rehakova B. Measuring value orienttations with the use of S.H. Schwartz's Value Portraits. Sociologicky casopis. Czech Sociological Review; 2006; 42 (1): 107–128.
10. Schwartz SH, Rubel T. Sex differences in value priorities: Cross-cultural and multi-method studies. Journal of Personality and Social Psycholog. 2005; 89(6); 1010–1028.
11. Kushalnagar P, Krull K., Hannay J, Mehta P, Caudle S, Oghalai J. Intelligence, Parental Depression, and Behaviour Adaptability in Deaf Children Being Considered for Cochlear Implantation. The Journal of Deaf Studies and Deaf Education 2007; 12 (3): 335-349.
12. Turner O, Windfuhr K., Kapur N. Suicide in deaf populations: a literature review. *Annals of General Psychiatry*, 2007; 6:26. [cited 2011 August 17] available: http://www.annals-general-psychiatry.com/content/6/1/26
13. Tomaszewski P. Głuchota a zaburzenia zachowania dziecka: wyzwanie dla rodziców słyszących. In: Pisula E. Danielewicz D. Editors. Rodzina z dzieckiem z niepełnosprawnością, Gdańsk: Harmonia, 2007; 7–30.
14, Cieciuch J. Relacje między systemami wartości a przekonaniami światopoglądowymi w okresie dorastania, Warszawa: Wydawnictwa Uniwersytetu Warszawskiego, 2007.
15. Bidziński K. Hierarchia wartości młodzieży z niepełnosprawnością ruchową i jej pełnosprawnych rówieśników (lata 1995 i 2005). In: Problemy edukacji, rehabilitacji, socjalizacji. Wybrane aspekty pracy z niepełnosprawnymi. Rottermund J. Editor. Kraków: Oficyna Wydawnicza Impuls, 2008, 137–150.
16. Wysocka E. System wartości i orientacje wartościujące preferowane przez młodzież. Kwartalnik Pedagogiczny 2003; 4; 123-145
17. Bellin W, Stephens D. The value systems of deaf and hearing adolescents. Deafness and Education International 2002; 4; 3: 148–165.



DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8

18. Kossewska J, Potměšil M. The concept of values and hearing impairment. Baltic Journal of Special Education 2007; 2 (17): 30-39.
19. Schwartz S. Value orientations: measurement, antecedents and consequences across nations. In: Measuring attitudes crossnationally. Lessons from the European Social Survey. Jowell R, Roberts C, Fitzgerald R, Eva G. Editots. London: Sage Publications, 2007; 169–203.
20. Schwartz SH, Bilsky W. Toward a Universal Psychological Structure of Human Values. Journal of Personality and Social Psychology 1987; 53: 550–562.
21. Marschark M. Psychological Development of Deaf Children. Oxford University Press, 1993;132.
22. Brzezińska A. Psychospołeczne uwarunkowania aktywności zawodowej osób niepełnosprawnych. cited 2011 August 17] available http://www.swps.edu.pl/new_www/UserFiles/File/raport08.pdf
23. Havighurst RJ. Developmental tasks and education. New York: Longman, 1981.

DOI: 10.2478/v10215-011-0012-8